*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КОНЧЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на општина Конче Бр.9/2020** | ***КОНЧЕ 10.09.2020 ГОДИНА*** | **Излегуба по потреба** |
| e-mail:opstina.konce@t.mk | с/ка 735014073863019 | Д.Б. 4023005118934 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), Градоначалникот на општина Конче донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите донесени на 48-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 10.09.2020 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 48-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 10.09.2020 година.**

   1. Одлука за давање согласност за организирање на настава со физичко присуство од 4 до 5 одделение во ООУ Гоце Делчев-Конче, и во ПУ во с.Дедино, с. Ракитец, с.Долни Липовиќ, с. Горни Липовиќ и с. Габревци за првото полугодие во учебната 2020/2021 година;
   2. Одлука за кофинансирање на проект за набавка на комунално возило за транспорт на комунален отпад.

Број 09-1103/5 Општина Конче
Дата 10.09.2020 Градоначалник,
Конче Благој Илиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен гласник на РМ бр.05/02), и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на општина Конче а во врска барање број 03-349/2 од 09.09.2020 година од ОО"Гоце Делчев"-Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 10.09.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за организирање на настава со физичко присуство од 4 до 5 одделение во ООУ „Гоце Делчев"-Конче, и во ПУ во с.Дедино, с. Ракитец, с.Долни Липовиќ, с. Горни Липовиќ и с. Габревци за првото полугодие од учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Се дава СОГЛАСНОСТ за организирање на наставата со физичко присуство од 4 до 5 одделение во општинско основно училиште "Гоце Делчев"-Конче, и во Подрачните училишта во с.Дедино, с. Ракитец, с.Долни Липовиќ, с. Горни Липовиќ и с. Габревци за првото полугодие од учебната 2020/2021 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-1103/3 Совет на општина Конче
Дата 10.09.2020 Претседател,
Конче Исмаил Куртов, с.р.

Врз основа на член 62 ст.1 т.1 и 36 ст.1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа(Сл.Весник на РМ бр. 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018; 244/2019**)** и член 11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,
Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 10.09.2020 год. донесе

**О Д Л У К А**

за кофинансирање на проект за набавка на комунално возило за транспорт на комунален отпад

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на под-проектот за набавка на комунално возило за транспорт на комунален отпад.
Одлуката за кофинансирање претставува дополнување на износот од 1.261.035,00, грант обезбен преку Проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2.

**Член 2**

Дополнителното кофинансирање на овој Проект изнесува 338.965,00 денари.
Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Конче.
Средствата за кофинасирање ќе бидат префрлени на посебна наменска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Конче".

Број 08-1103/4 Совет на општина Конче
Дата 10.09.2020 Претседател,
Конче Исмаил Куртов, с.р.

*С О Д Р Ж И Н А*

1.Одлука за давање согласност за организирање на настава со физичко присуство од 4 до 5 одделение во ООУ Гоце Делчев-Конче, и во ПУ во с.Дедино, с. Ракитец, с.Долни Липовиќ, с. Горни Липовиќ и с. Габревци за првото полугодие во учебната 2020/2021 година;

2.Одлука за кофинансирање на проект за набавка на комунално возило за транспорт на комунален отпад

*„ Службен гласник на Општина Конче“*